**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**ДЕМИР КАПИЈА**

# П Л А Н

# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ ВО ОПШТИНАТА ДЕМИР КАПИЈА

**Демир Капија Јуни 2015 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр 08-695/3
09.09.2015 год.
ДЕМИР КАПИЈА

**Врз основа на член 13 од Законот за заштита и спасување(Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/14 год.) и издаденото мислење од ПО за заштита и спасување – Неготино бр.10-96/2 09.07.2015 Советот на општина Демир Капија го донесе следниот:**

## ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Планот за заштита и спасување на општината Демир Капија ги содржи документите за. :

1. - Подготвеност на просторните сили за ЗиС .
2. - Мобилизација – повикување на просторните сили за заштита и спасување и материјално технички средства и опрема .
3. - Ангажирање на силите за заштита и спасување .

1. Подготвеност на силите за заштита и спасување се обезбедува благовремено спроведување на мерките за заштита и спасување во однос на загрозеноста од природните непогоди и други несреќи .

Планот по мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување согласно прописите за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер кои се подготвуваат и спроведуваат согласно Законот за заштита и спасување од страна на општината Демир Капија при што ја предвидуваат , планираат и спроведуваат организацијата на мерките ( примена на вградени стандарди и нормативи при уредувањето на просторот, навремено предупредување на населението за можни опасности, обезбедување на материјални средства за лична и взаемна заштита и обука исл.), како и во оперативна функција во заштитата и спасувањето ( задолжително планирање, организирање и преземање на мерки, активности и постапки во случај на постоење на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и отстранување на последиците од опасноста ) .

## Е В А К У А Ц И Ј А

Евакуацијата подразбира планско, организирано, контролирано и привремено преместување на населението – мајки со деца до 7 години,родилки и бремени жени,ученици, болни стари и изнемоштени лица, и на материјалните добра од потенцијално загрозено или веќе загрозено подрачје на помалку загрозено или потполно безбедно подрачје .

Со овој план е потребно да се одредат силите и материјално- техничките средства, како и начинот на употреба на истите при спроведување на мерката евакуација .

За спроведување на евакуацијата се одредуваат одговорни лица – екипа за спроведување на истата , список на евакуирани лица, мат. технички средства и др.

Евакуацијата може да се планира од населени места и подрачја кои можат да бидат изложени на РХБ контаминација, техничко – технолошки инциденти, подрачја кои се наоѓаат во опфат на поплавните бранови низводно од високите брани на вештачките акумулации на вода ("Тиквеш" ) , како и од подрачјата кои се загрозени од природни непогоди од поголеми размери : поплави,пожари, земјотреси, лизгање на земјиште, урнатини и слично.

За прифат на евакуираните се предвидуваат населени места, туристички населби, објекти каде ќе бидат сместени и се овозможи нормално одвивање на животот .

Планирањето на евакуацијата на ниво на Општина ја врши ЕЛС преку Советот на општината – Општинскиот штаб за заштита и спасување како и Републичкиот – Подрачниот штаб за заштита и спасување.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природните непогоди и други несреќи, а со нивното останување на загрозениот простор се очекуваат големи загуби .

Прилог : - Екипа за спроведување на евакуација бр. 1

- Преглед на возила за превоз на евакуираните лица и МТС , бр. 2
- Преглед на населени места во општината и број на жители бр. 3
- Карта на општина Демир Капија размер 1:50 000
- Список на лица кои се згрижуваат бр. 4

## ЗАСОЛНУВАЊЕ

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба и одржување и користење на јавни засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението и материјалните и културни добра .

Јавните засолништа се планираат согласно со Програмата на Владата за мерките за заштита и аспасување и Програмата на единиците на локалната самоуправа за мерки за ЗиС, а истите се вградени во урбанистичките планови .

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра на своето подрачје .

Субјектите кои немаат изградено засолниште и немаат други погодни објекти (подрумски простории со над две бетонски плочи ) во непосредна воена опасност и војна е потребно да изградат рововски засолништа или рововски засолни .

Тековното инвестиционо одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите .

При опасност засолништата мора да се доведат во функција на основна намена во рок од 48 часа ако засолништето се користи за друга намена .

Засолништата и другите заштитни објекти може да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција .

Во засолништето ( подрумот) е потребно при користење ( во воено време ) да се обезбеди : алат за спасување при затрупување на влезовите , санитетска торба, столчиња или клупи, резерва на вода и храна .

Прилог : - Постапка на користење на засолништето ( заштитниот објект ) бр. 5 .

- Преглед на рачен алат за спасување, бр. 6 .
- Список на лица кои ќе бидат сместени , бр. 7 .
- Преглед на рововски и подрумски засолништа , бр. 8 .

## РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката , Хемиската и биолошката заштита (РХБ) опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено активирање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од РХБ агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортните средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдевање со вода, производство, сообраќај и складирање на прехрамбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопственици на објекти во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за РХБ заштита .

Во зависност од состојбата на теренот и степенот на контаминација на луѓето, животните и производи од животинско потекло, растенијата и растителните производи, површините, возилата, МТС и опремата, потребно е да се преземат мерки за лична и колективна РХБ заштита. За таа цел потребно е да се спроведуваат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување .За лична заштита потребно е единиците и штабовите да имаат

обезбедено заштитна маска, заштитна наметка , личен прибор за деконтаминација и прв завој.

За колективна заштита треба да се обезбедат објекти – засолништа за РХБ заштита, комплет за колективна РХБ заштита и друго.

Оперативни мерки за РХБ заштита се спроведуваат со деконтаминација – отстранување на РХБ агенсите од луѓето, возилата, просториите, површините со бањање, миење, перење, усисување со правосмукалки и сл.

Опасности од РХБ контиминенти има во денешно време од технички- технолошки хаварии во индустријата кои работат или складираат опасни материи во општината или од соседните општини .

При радиолошка контаминација опасноста доаѓа од атомските централи од соседните држави. Опасност од РХБ контаминација има и во услови на војна при употреба на атомско, хемиско и биолошко оружје и средства .

Одговорните субјекти треба да преземат мерки и активности за откривање на појавените РХБ агенси – РХБ извидување, дозиметриска контрола, детекција на РХБ агенси преку лабараториско испитување за видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики .

Прилог : - Преглед на лични средства за РХБ заштита бр. 9.
- Преглед на средства за РХБ деконтаминација за луѓе и возила бр. 10.
- Преглед на екипа за РХБ заштита бр. 11 .

## СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Спасувањето од урнатини опфаќа мерки и активности за заштита од уривање на објекти извидување на урнатината, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки од задолжителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра .

Во Општината постои висок степен на загрозеност од урнатини кои може да бидат предизвикани при појава на земјотреси, лизгање на земјиште, одрони, техничко – технолошки несреќи, диверзии какои од воени дејствија .

Нашето подрачје е трусно и спаѓа во активно сеизмичко подрачје каде е можна појава на земјотреси со различен интензитет и голема разорна моќ .

Земјотресите може да предизвикат голем број на човечки жртви ( загинати, повредени, затрупани лица ) и уривање на станбени, деловни и инфраструктурни објекти ( водоводна и канализациона мрежа, железнички линии, патишта, мостови, тунели, високи брани и хидроцентрали и слично .)

Со цел отстранување и намалување на опасностите и последиците врз луѓето и материјалните добра од уривање потребно е преземање на превентивни и оперативни мерки за заштита .

Како првенствени мерки се смета : проектирање на објекти отпорни на земјотреси-уривање, помала катност на стамбените објекти, помала густина, широки улици и сл.

Во случај на појава на урнатини од било кој вид и обем, заради заштита на луѓето и материјалните добра се организираат и спроведуваат следните оперативни мерки за заштита и спасување :

- Извидување на урнатината ;
- Пронаоѓање на лица затрупани во урнатината ;
- Осигурување на оштетените и поместените делови од конструкцијата ;
- Спасување на затрупаните и извлекување надвор од зоната на урнатините и укажување на прва медицинска помош ;
- Транспорт на повредените до здревствените установи и друго .

Во расчистување на урнатините учествуваат : просторните сили за заштита и спасување и останатите вработени .Во поголемите катни урнатини во спасувањето и расчистувањето учествуваат специјализираните единици за заштита и спасување од урнатини и за расчистување .

Приоритет при спасувањето секогаш ќе имаат луѓето, а потоа материјалните и други добра .

Прилог :

- Преглед на градежна механизација и друга опрема за расчистување , бр.12 .
- Пеглед на екипа за спасување од урнатини, бр. 13 .

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

На територијата на општините се случуваат поплави како природна непогода, а најчесто при обемни врнежи на дожд и топење на снег и при излевањето на реките Вардар, Бошавица, Дошница како и. и пороите од своите корита, при што нанесуваат големи штети во земјоделието, водостопанството, стопанските и другите објекти и инфраструктура.

Посебно голема опасност од појава на поплави за општините Неготино и Демир Капија преставува подрачјето низводно од високата брана на хидроакомулацијата "Тиквеш" , која се однесува на поголема количина на вода , зафатот и висината на поплавниот бран кој може да достигне до 5 и повеќе метри , брзината на водата, и сл. која може да предизвика во најлошата варијанта катастрофални последици . Со мерката засолнување се врши заштита и спасување на луѓето и материјалните добра .

За спречување или намалување на последиците од поплавување се преземаат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување .

Во превентивни мерки спаѓаат : изградба, одржување и санирање на оштетените објекти за заштита од поплави, набљудување и извидување на состојбата на водостојот, правовремена евакуација на загрозенато население и материјалните добра, формирање на просторни сили за ЗиС редовно одржување на каналите, речните корита, шахти, вентили, пумпи и слично .

Во оперативни мерки спаѓаат : обезбедување превоз преку реките – водите, испумпување на водата од поплавените објекти и извлекување на настраданите, снабдување на загрозеното население од поплавите со основните услови за живот и работа, учество во санирањето на последиците предизвикани од поплавата .

Прилог : - Преглед на опрема за испумпување, црпење на водата , бр.14
- Преглед на екипа за заштита и спасување од поплави, бр.15

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

Мерките и активностите за заштита на животот и имотот на луѓето на територијата на општина Демир Капија од пожари опфаќаат отстранување на причините на настанување на пожари, откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари, утврдување на причините за настанување на пожар и давање на помош при отстранување на последиците од пожар .

За успешно справување на оваа мерка е потребно да се изврши соодветна подготовка за оспособување на населението, а посебно просторните сили за заштита и спасување од пожари , обезбедување и ангажирање на материјални средства за гаснење и спасување од пожар ( алат, пумпи, апарати, хидранти и други извори на вода и сл.) како и меѓусебна соработка со ТППЕ Неготино, и Доброволното противпожарно друштво –Демир Капија.

Заштитата и спасувањето од пожари се наметнува како приоритетна потреба, особено

во услови на природни непогоди и техничко- технолошки несреќи, како и во воено време предизвикани од воените дејствија . Причина за појава на пожарите се различни, најголемиот дел од пожарите се предизвикуваат од луѓето, од несоодветно однесување , негрижа, невнимание, удар од гром, непочитување на урбанистичките мерки за изградба на објекти, на топлотни извори, неправилна експлоатација на дрвена и друга запалива маса, на резервоари на течно гориво, намерно палење и предизвикување на пожар и слично .

Заради зголемената пожарна опасност, особено при појава на природни непогоди, а со цел успешно и ефикасна заштита од пожари потребно е континуирано спроведување на превентивни и оперативни мерки за заштита кои опфаќаат :

- Вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожар ;
- Планирање и изградба на објектите според урбанистичко – техничките нормативи;
- Изградба – обезбедување на пристапни патишта и слободни површини за ефикасна интервенција при пожари ;
- Намалување на пожарната осетливост на објектите ( вид на градежен материјал, конструкција и слично ) ;
- Мерки кои овозможуваат локализирање и спречување на пожарот ;
- Мерки кои овозможуваат успешни интервенции при гаснење на пожарот и спасување на луѓе и материјални добра ;
- Изградба на хидранска мрежа за брза и ефикасна интервенција ;
- Континуирана контрола на жариштата кои може да предизвикаат пожар ;
- Обученост и оспособеност на вработените во претпријатијата и установите, а особено на просторните сили за спречување на пожари ;
- Формирање и оспособување на специјализирани единици или доброволни ПП друштва за гаснење на пожари на објектите многу осетливи на пожар .

Со цел да се спречи настанувањето на пожар, покрај другите превентивни мерки потребно е да се преземат и мерки за поставување на ознаки ( упаство – правилник , предупредувања, забрани и слично ) , а тие се следните :

- Упаство за дејствување во случај на пожар и правилно ракување со ПП апарати, хидранти и сл. ;
- Предупредувања за : опасност од пожар, опасност од електричен напон и од било каква друга опасност ;
- Забрана за пушење, предизвикување искри, фрлање на пикавци и слично ;
- Ознаки за се што може да предизвика пожар ( се поставува на видно место ) .

Основни оперативни постапки на вработените при појава на пожар во објектите е следна :

- Да се реагира веднаш со земање и активирање на ПП апарат, а во колку пожарот е од поголеми размери на телефон 193 ја извести професионално територијалната ПП единица ;
- Да се биде мирен, сталожен и без кревање паника ;
- Ги извести со повик “Пожар“ останатите вработени ;
- Се исклучува струјата од склопките во објектот, се запира било каква вентилација како ( дотур на воздух, се отстрануваат плински и други опасни средства од палење и експлозија, се отстранува во безбедни места предмети од поголема вредност и важност ) ;
- Се спроведува евакуација на лицата од објектот зафатен од пожарот, а за таа цел сите излези, холови, ходници бидат секогаш слободни .
- Во гаснењето на пожарот се вклучуваат просторните сили за заштита и спасување и други единици .
- Со пожарот раководи командантот на штабот за заштита и спасување или повереникот додека не дојде ТПП единица, кога со гаснењето на пожарот раководи командирот на професионалната ПП единица или командирот на ДПД – Д.Капија.

- Струјата од објектот зафатен од пожарот се исклучува од страна на ЕВН по барање на лице вработено во претпријатието или одговорно лице од општината .

Прилог : - Преглед на опрема за гаснење на пожар бр. 16.
- Преглед на екипа за заштита и спасување од пожари бр. 17 .
- Преглед на хидрантска мрежа во Д.Капија и населените места бр. 18 .
- Преглед на објекти кои работат со лесно запалливи и експлоз. материјали бр. 19.

## ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

Заштита од неексплодирани убојни средства ( НУС ) и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на некcплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот каде се пронајдени такви средства . Пронајдените НУС и други експлозивни средства се онеспособуваат – деактивираат и се носат – транспортираат на безбедно место каде се врши нивно уништување. Онеспособувањето и уништувањето на НУС и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање ако за тоа постојат безбедоносни услови .

Дирекцијата за заштита и спасување ги планира, организира и спроведува активностите за пребарување на територијата, пронаоѓање на НУС, транспорт и ништењето. Оваа активност ја извршуват овластени лица – пиротехничари .

На територијата на нашата општина има присуство на неексплодирани убојни средства и истите преставуваат потенционална опасност на населението со оглед на експлозивната и убиствена моќ на тие средства .

При пронаоѓање на неексплодирани убојни средства од граѓаните потребно е да се обезбеди местото каде истото е пронајдено и да се извести Дирекцијата за заштита и спасување - Подрачното одделение – Неготино, Центарот за управување со кризи или најблиската полициска станица . Подрачното одделение за заштита и спасување обезбедува пиротехничар кој го вади – зема неексплодираното убојно средство или друго експлозивно средство и се транспортира на безбедно место за ништење каде истите се ништат .

Согласно процената на загрозеност на територијата се проценува дека околу 7 % од употребените убојни средства ( гранати, мини, бомби, муниција за стрелачко и друго оружје, запаливи плочки и други ) при употреба, борбени дејствија и слично не се активираат – експлодираат .

Таквите неексплодирани убојни средства, како и намерно поставените – оставените од агресорот, терористи и слично при дополнителен контакт со удар, висока температура и слично како и при одвртување – отварање, тегнење и удирање со тврд предмет( поради љубопитност или незнаење се активираат и експлодираат, при што луѓето, децата кои ќе се најдат во непосредна близина гинат или стануваат тешки инвалиди .

Поради тоа како превентивна мерка е запознавање на населението, а посебно децата кога ќе видат и најдат такви НУС, непознати средства и предмети да не ги чепкаат , да го обележат местото и да ги известат наведените државни органи .

## ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа превземање на мерки и активности за укажување прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето – заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи .

Со современиот начин на живеење и работа како и отежнатите услови при појава на природни непогоди и други несреќи, а заради заштита и спасување на населението, потребно

е општината Демир Капија да ги преземе следните **превентивни** и **оперативни** мерки и активности :

- Спречување на појава за заразни заболувања ;
- Постојана хигиенско- санитарна состојба – одржување на водоснабдевањето, санитарните, работните и другите простории ;
- Заводот за здравствена заштита и јавните комунални претпријатија кои стопанисуваат со објектите за водоснабдување, потребно е да вршат засилена контрола на исправноста и безбедност на водата за пиење од водоводната мрежа и превентивна заштита на водата за пиење ;
- Следење на санитарно- хигиенската состојба ;
- Обезбедување на потребен минимум на персонални ресурси, единица за укажување прва медицинска помош- специјализирана и универзална ;
- Обезбедување на потребен минимум на материјални ресурси ( санитетски носилки, санитетски торби, крамерови шини, ќебиња и др. ) ;

Во рамките на **оперативните** мерки и активности општината односно одговорните субјекти се ангажираат во случај на непосредна опасност, за време на траењето на опасноста и во отстранување на последиците .

- Активности и мерки во случај на непосредна опасност - се врши проверка на готовноста на задолжените субјекти – лица за ПМП, при што се вршат организациски, стручни, безбедносни и други мерки за спремноста и подготвеноста во спроведување на ПМП .

- Активности и мерки за време на траење на опасноста - задолжените субјекти за ПМП ги превземат следните задачи и ја насочуваат и кординираат самозаштитата:
1.Спроведуваат прва медицинска помош со просторните сили за заштита и спасување и раководат и ги кординираат активностите во спроведување на прва медицинска помош
2.Во спроведувањето на ПМП просторните сили за заштита и спасување првенствено се употребуваат за давање на ПМП на повредените и заболените на местото каде се повредени, се изнесуваат на собирниот пункт каде по укажаната помош се транспортираат до здравствената установа. Транспортот до здравствената установа се врши во најголем случај од страна на екипа од здравствена установа .

- Активности и мерки во отстранување на последиците - задолжените субјекти ( единици) во спроведување на ПМП може да се ангажираат и употребуваат во спроведување на здравствени и хигиено – епидемиолошки мерки .

Со активностите - организацијата во укажување на ПМП раководи општинскиот штаб за Заштита и спасување, а командува командирот на единицата.

Раководниот кадар во општината најдоцна четири часа после завршените активности го анализира своето учество во укажувањето на ПМП и направената анализа ја доставува до Дирекцијата за заштита и спасување . - ПО за заштита и спасување Неготино во рок од два дена по завршената активност .

Во укажување на ПМП по барање на ОШЗС Д.Капија може да се побара помош од ангажирање на специјализирани единици за ПМП од Дирекцијата за заштита и спасување ПО – Неготино .

За успешно спроведување на активностите и задачите од ПМП е потребно да се формират просторни сили за заштита и спасување, нивна обука и опремување – снабдување со санитетска опрема .

Прилог : - Преглед на просторните сили ( специјализирана единица ) бр.20 .
- Преглед на МТС и опрема за укажување на ПМП бр.21 .
- Преглед на екипа за ПМП бр 22.
- Преглед на здравствени амбуланти, забни ординации и аптеки 23

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на животни и производите од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизотии и други несреќи .

Превентивни мерки и активностите за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло се превземаат од страна на сопствениците на добитокот, ветеринарните институции, земјоделските и сточарските претпријатија, просторни специјализирани единици оспособени за оваа намена .

Во спроведување на оперативните мерки , покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата за заштита и спасување со свои единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредување и транспорт до соодветните ветеринарни установи .

Зависно од опасностите што ги загрозува животните и производите од животинско потекло се превземаат превентивни и оперативни мерки .

За спречување на настанување на повреди , болести, контаминација кај животните се превземаат следните превентивни мерки :

- Чистење на кровните конструкции од снег ;
- Избегнување на престој на животни во стари и склони на рушење објекти и густо изградени објекти ;
- Во услови на нуклеарна експлозија да не се наоѓат животните на отворен простор ;
- Редовна контрола на храната , водата што ја користат животните ;
- Редовна вентилација и сермизација од оделени видови на заразни болести ;
- Контрола на производите од животинско потекло ;
- Контрола на просториите за престој, колење на животните и производите за подобност за исхрана и складирање на производите во погодни простории ;
- Известување за настаната повреда и болест до ветеринарната станица во Неготино ;
- Радиолошко, хемиско и биолошко извидување за појава на РХБ контаминација и спроведување на РХБ деконтаминација на животните и производите од животинско потекло ;
- Користење на прирачни средства за РХБ заштита на животните ;
- РХБ заштита на шталите, на добитокот на пасиштата, на сточната храна и производите од животинско потекло преку пакување во амбалажа и чување во складишта .

Спроведување на оперативни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло го вршат претпријатијата, институциите кои се диреkно поврзани со производството, промет и одгледување на животни и сопствениците на животни .

Во услови на природни непогоди, епизотии и други несреќи оперативни мерки ќе спроведуваат : „Сто-вет“ Д.Капија, Ветеринарна станица – Неготино, просторните сили за заштита и спасување – универзални и специјализирани единици од претпријатијата кои одгледуваат животни, сопствениците на добиток, општинските специјализирани единици, единиците на Дирекцијата за заштита и спасување .

Искористување на тешко повредениот добиток кој не може да се излечи или лечењето ќе трае долго време се врши колење на истиот, ако утврди ветеринарниот орган дека месото е погодно – исправно за човечка исхрана .

Колењето на добиток ќе се врши во јавни или импровизирани кланици. За превоз на месото се обезбедуваат транспортни возила- ладилници . Целиот процес ќе се одвива под контрола на ветеринарна служба .

Добитокот кој е контаминиран, а е предвиден за колење прво се врши деконтаминација од РХБ опасности при што контаминацијата треба да се доведе во дозволени граници .

Колење на контаминирани животни од радиолошки средства се врши само ако не е појавена радиациона болест .

Не е дозволено да се колат животни за кои ќе се утврди дека се заболени од заразни болести како што се : бруцелоза, сакгија, говедска куга, беснило, и од други болести, ниту пак да се употребува заболеното месо .

Прилог : - Преглед на фондот на домашни животни и живина бр. 24 .

-Преглед на одгледувалишта за добиток, живина и риби бр. 25.

- Преглед на субјекти кои се занимаваат со заштита на животни бр 26

- Преглед на ветеринарни станици и амбуланти бр. 27.

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштитата и спасувањето на растенија и производите од растително потекло опфаќаат превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, РХБ контаминација и други видови на загрозување .

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и прозводите од растително потекло ги оправдуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење .

Во спроведување на оперативните мерки, покрај наведените органи и институции учествува и Дирекцијата за заштита и спасување со своите единици и тимови .

Со климатските и рељефните карактеристики, општината се карактеризира како подрачје во кое успеваат поголем број видови на растенија од кои се произведува растителна храна за луѓето, животните и за потребите на индустријата. Од растенијата се одгледуваат разни житни, индустриски, градинарски и лозово – овоштарски производи .

Во општината Д.Капија се одгледуваат следните видови на растенија : пченица, пченка, јачмен, винова лоза, раноградинарски култури и др. на површина од 29 840 ха и шумски површини од 16 200 ха.

Растенијата и растителните производи може да бидат изложени на разни видови на болести, штетници , поплави, пожари и контаминација во мирновремени услови, како и од РХБ контаминација во воено време .

Инфективните болести и штетници се редовно присутни секоја година со различен интензитет и преставуваат перманентна потенционална опасност .

Во општината се врши редовна заштита на 25 000 ха површини од растителни култури со употреба на околу 2500 кг. хемиски средства (препарати) како што се : фунгициди, хербициди, инсектоциди и др.

Облиците на заштита на растенијата и производите од растително потекло најнапред се врзани за изборот на соодветните сорти , примена на агро- технички мерки и средства за заштита на растенијата, правилно складирање, како и навремено збирање на плодовите во случај на опасност од природни непогоди и други несреќи .

Заштитата и спасувањето на производите од растително потекло се состои од обуката и оспособувањето на производителите за заштита на производите од уништување , растурање, контаминирање и слично .

Растителните производи се складираат и чуваат во складови и магацини за таа намена. .Во заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло се вклучени покрај вработените и просторните сили за заштита и спасување,повереникот и заменикот, универзалните и специјализираните единици за заштита и спасување.

Во заштита и спасување на растенијата и растителните производи покрај напред наведените надлежни субјекти по барање на одговорните од општината, ќе учествуваат и организираните републички сили за заштита и спасување .

Формираните сили - штабови и единици во општината Д.Капија потребно е да бидат оспособени за заштита и спасување на растенијата и производи од растително потекло од природни и други несреќи со соодветна обука и опрема, согласно потребите и материјалниот состав .

Прилог : - Преглед на структурата на земјоделските површини бр. 28.

- Преглед на земјоделски стопанства и домаќинства бр.29.
- Преглед на земјоделски аптеки бр.30 .
- Преглед на субјекти кои се занимаваат со заштита на растенија и производи од растително потекло бр. 31 .
- Преглед на расположива земјоделска механизација бр. 32.

## АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање , собирање, индентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица , собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекцуја и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување .

Асанација на теренот како мерки за заштита и спасување, особено значење има во услови на природни непогоди и други несреќи , како и во воено време кога заради нарушување на состојбата и предизвиканите последици постои зголемена опасност од појава на :

- Заразни заболувања кај населението (вработените ), животните, и растенијата ;
- Голем број повредени и загинати лица ,
- Загадена водата за пиење и употреба ,
- Присуство на загаденост на територијата со опасни материи ,
- Нарушување на обезбедувањето на здравствена и ветеринарна заштита ,
- Голем број на угинати, повредени и загрозени животни,
- Опожарени и поплавени објекти ,
- Појава на урнатини и РХБ контаминација и слично .

За успешно справување со опасностите и последиците предизвикани од природните непогоди и други несреќи, потребно е во асанација на теренот да се вклучат сите задолжени субјекти кои согласно надлежностите и делокруг на работа имаат обврски особено :

- Министерството за здравство, МВР, МЖСПП, и др. ;
- Единицата на локална самоуправа ;
- Комуналното претпријатие ;
- Јавни установи и служби ;
- Ветеринарна станица ;
- Други органи и институции .

Задачите на субјектите во однос на асанацијата на теренот се во директна зависност од видот и обемот на природната непогода, како и последиците кои би биле предизвикани, но во најголем случај треба да се преземат мерки и активности за :

- Спречување на појава на заразни заболувања, а ако се појави да се изврши згрижување на заразените во здравствени установи ;
- Откривање ,идентификација и погреб на загинати лица на предходно планирани – утврдени локации ( гробишта ) ;
- Откривање и сузбивање на епизотиите кај животните и растенија ;
- Откривање и закоп на угинати животни и спалување на загрозените растенија ;
- Обезбедување на хемиско- бактериолошки исправна вода за пиење и употреба ;
- Вршење на деконтаминација на луѓето, објектите, површините, моторни и други возила и други контаминирани материјални добра ;
- Обезбедување на здравствена заштита и прифат на сите повредени и заболени ;

- Обезбедување на ветеринарна помош на заболениот и повреден добиток ;
- Гаснење на појавените пожари во урбаниот дел и на пожари на отворен простор ;
- Заштита од поплави и згрижување на лицата од поплавените објекти со обезбедување на основни услови за живот ;
- Расчистување на појавените урнатини и транспорт на градежниот материјал до најблиската локација за депонирање ;
- Поправка и санирање на состојбата во однос на електричната мрежа, ПТТ инсталациите, водоводна и канализациона мрежа и други мерки .

Во асанација покрај вклучување на вработените во ЈКП „Бошава", приватниот оператор за погребални услуги, ќе бидат вклучени и просторните сили за заштита и спасување , како и организираните сили за заштита и спасување од Републиката .
Формираните просторни сили за заштита и спасување ( универзални и специјализирани ) се оспособени – обучени и опремени за извршување на асанацијата на теренот .

Прилог : - Преглед на екипа за спроведување на асанација бр.33.
- Скица на локации за прифат и закоп .

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ

Заштитата и спасувањето е најшироко форма на организирање, подготвување и учество на граѓаните, органите на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и единиците на локалната самоуправа во заштитата и спасувањето на населението, односно вработените и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и од воени дејствија .

Во општината Демир Капија организирањето на заштита и спасувањето се врши редовно преку просторните сили формирани за таа намена како и со учество на населението во самозаштитата . Активностите и задачите за заштита и спасување во услови на природни непогоди и други несреќи како и од воени дејстија во воено време вработените во претпријатијата, јавните установи и служби ќе ги извршуваат според законските прописи и планските документи .

Јачината и видот на просторните сили во општината се утврдува врз основа на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи која е составен дел на овој План, како и врз основа на човечките и материјалните можности, бројот на вработените, опасности кои можат да бидат предизвикани во процесот на производството, работењето и слично .

Врз основа на напреднаведеното а согласно Законот за заштита и спасување ("Сл.весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, и 18/14 член 93 и 94), во општината Демир Капија се формирани следните просторни сили за заштита и спасување :

- Општински штаб за заштита и спасување од 10 членови ;

Прилог : – Одлука за формирање на штаб бр.07-743/11 од 23.12.2009 год.

- Универзални единици по месните заедници : Д.Капија1 и 2 , вод со вкупно 30 припадници ; МЗ Корешница, МЗ Бистренци, МЗ Прждево – одделенија со по 10 припадници и штабови со по ___ члена.

Прилог : – Одлука за формирање на универзални единици бр.07-410/7 од 08.10 2008г.

Напред наведените просторни сили за заштита и спасување се оспособени- обучени да учествуваат во заштита и спасување на луѓето и материјалните добра во услови на природни непогоди и други несреќи . Опремување на просторните сили е извршено делумно .

Прилог : Преглед на пополнетост на просторните сили -универзален вод бр. 34.
Преглед на пополнетост на просторните сили -универзално одд. бр. 35.

Според наведената состојба на пополнетост, обученост и опременоста со опрема и МТС на просторните сили во општината Демир Капија населението би се ангажирало и во самозаштита – лична и взаемна заштита .

Самозаштитата преставува основен вид на заштита на луѓето и материјалните добра во услови на природни непогоди и други несреќи и во воено време од воени дејствија .

Во рамките на самозаштитата населението / вработените се подготвуваат првенствено за : укажување прва медицинска помош, примарна деконтаминација, локализирање – гаснење на почетни – мали пожари , спасување на плитко затрпани лица од урнатини, известување за опасности. Просторните сили во општината се оспособени за учество во заштитата и спасувањето кое се состои во засолнување, поместување, евакуација, згрижување на настрадани и загрозените и слично .

Заради организирање на самозаштитата граѓаните / вработените може да се самоорганизираат во времени групи и екипи по место на живеење или работа .

Во општината Д.Капија се води дневник за заштита и спасување за настанати природни непогоди и други несреќи, место и време на настанување, последици и учесници во изведување на интервенцијата .

## НАЧИН НА РАКУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПЛАНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

За ракување со документите од планот за заштита и спасување, од страна на носителите на планирањето во општината Демир Капија се определува стручно лице – ракувач за изработка и употреба на Планот за заштита и спасување. Ракувањето со Планот за заштита и спасување опфаќа водење на евиденција на документите, нивно ажурирање, изменување и дополнување .

Изменување и дополнување на документите од Планот за заштита и спасување се врши ако има промени во Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, промена во силите за заштита и спасување и ако е предвидено со годишната програма .

Врз основа на процената Планот за заштита и спасување се употребува делумно или целосно .

Планот за заштита и спасување содржи документи за :

1. Подготвеност на силите за заштита и спасување ;
2. Мобилизација на силите за заштита и спасување, материјално техн.средства, и опрема;
3. Ангажирање на силите за заштита и спасување .

1. Со подготвеноста на силите за заштита и спасување се обезбедува благовремено спроведување на мерките за заштита и спасување во однос на степенот на загрозеност од природни непогоди и др. несреќи. Со документот за подготвеност на силите за заштита и спасување се одредува степенот на загрозеност, извршителите на активностите, роковите и потребните средства за извршување .

Подготвувањето на силите за за заштита и спасување опфаќа планирање и преземање на активности, мерки и постапки за успешно организирање и спроведување на мобилизацијата на силите за заштита и спасување .

Организациски мерки се :

- Формирање, организирање и пополнување на составите на силите за заштита и спасување;
- Опремување на силите со формациски МТС и опрема ;
- Одредување и уредување на мобилизациските места ;

- Воспоставување, уредување и увежбување на курирскиот систем на силите за заштита и спасување со пополна на курири, потребни средства за врски и возила ;

Стручни мерки се :

- Изработка на мобилизациски планови ;
- Планирање и спроведување на обука, вежби, курсеви и смотри на силите за заштита и спасување ;
- Запознавање на припадниците со мобилизациско место и со обврските при мобилизација како и со безбедоносните мерки .

2. Документот за мобилизација на силите за заштита и спасување материјално техничките средства и опрема опфаќа :

- Подготовка и активирање- мобилизација на учесниците за заштита и спасување ;
- Вклучување на силите за заштита и спасување и МТС и опрема и нивно планско, правовремено организирано доведување во состојба на подготвеност за извршување на задачите за заштита и спасување .

Согласно планот за мобилизација општината превзема активности и постапки, врши повикување – мобилизација на припадниците на просторните единици за заштита и спасување и на штабовите за заштита и спасување ( повереницитe и нивните заменици ), МТС и опрема и др.

Во зависност од настанатите природни непогоди и други несреќи и проценката на загрозеност се врши активирање и на подрачните сили за ЗиС и нивните средства .

Наредбата за мобилизација се соопштува и објавува усмено, преку средства за врски, преку курирски систем со врачување на покани .

Раководење за време на мобилизацијата се остварува преку штабовите за заштита и спасување или повереницитe и замениците и извршителите на мобилизацијата, а командувањто го вршат командирите на единиците .

Оперативните мерки за заштита и спасување се остваруваат преку планирање, организирање и преземање на активности и мерки во случај на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и остранување на последиците од опасноста .

Планот за заштита и спасување на општината Демир Капија се изработува и употребува врз основа на <u>општите карактеристики</u> :

- Климатските карактеристики, местоположбата, бројот на население , застапеност на опасни материи во производствените погони, загрозеност од пожари и друго ;

- Организација на населението и имотот ( организирање на потребни единици за заштита и спасување и евиденција на превозните , градежните средства и опрема, запрежен и товарен добиток, прибор и алат, изградени објекти и земјишен посед ) .

## ОБУЧУВАЊЕ ЗА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Обучувањето за заштита и спасување опфаќа основна, дополнителна и специјализирана обука, тренинг, вежби за стекнување неопходни стручни и други знаења за извршување на задачи во заштитата и спасувањето на припадниците на просторните сили за заштита и спасување .

Во Центарот за обука, тренинг и вежби се врши оспособување на основна, дополнителна и специјализирана обука на припадниците на силите за заштита и спасување врз основа на наставни планови и програми .

Обучувањето на просторните сили за заштита и спасување на територијата на општината Демир Капија го организира и спроведува Органот кој ги формира .

Обучувањето на просторните сили за заштита и спасување со специјализирана обука може да се врши во Центарот за обука на товар на оној што ги формира .

Подготвување на граѓаните/работниците за самозаштита се остварува со обучување во образовните институции и преку информирање преку разни средства и извори за информирање .

Финансиски средства за опремување и оспособување на просторните сили за заштита и спасување се обезбедуваат од сопствени средства .

Општина Демир Капија

Претседател на совет

/Петар Мојсов/

# ПРИЛОЗИ

Прилог бр. 1

Преглед на екипа за спроведување на евакуација

| Реден број | Име и презиме | Адреса | Телефон | Должност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | Одговорно лице |
| 2. | | | | Извршител |
| 3. | | | | Извршител |
| 4. | | | | Извршител |

ПРИЛОГ БР. 2

# П Р Е Г Л Е Д

На превозни средства за извршување на евакуација со релации и километри до место на прифат

| Реден број | Вид на превозно средство | Сопственост | Капацитет | Број на луѓе за евакуација | Релација од | Релација до | Потребен број на м/в | Км | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Автобус<br>Камион<br>Трактор<br>Патничко воз. | | | | Д.Капија<br>---- // -----<br>---- // -----<br>---- // ---- | Бесвица<br>---- // ----<br>---- // ----<br>---- // ---- | | 8 | |
| 2 | Автобус<br>Камион<br>Трактор<br>Патничко воз. | | | | Д.Капија<br>---- // -----<br>---- // -----<br>---- // ---- | Бесвица<br>---- // ----<br>---- // ----<br>---- // ---- | | 8 | |
| 3 | Автобус<br>Камион<br>Трактор<br>Патничко воз | | | | Д.Капија<br>---- // -----<br>---- // -----<br>---- // ----- | Барово<br>---- // -----<br>---- // -----<br>---- // ---- | | 18 | |
| 4 | Автобус<br>Камион<br>Трактор<br>Патничко воз | | | | Д.Капија<br>---- // -----<br>---- // -----<br>---- // ----- | Дрен<br>---- // -----<br>---- // -----<br>---- // ----- | | 7,5 | |

Прилог бр. 3

Преглед на населени места во општина Демир Капија (попис 2021г.)

| Реден број | Населено место | Број на жители | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Демир Капија | 2643 | |
| 2. | Барово | 3 | |
| 3. | Бесвица | 1 | |
| 4. | Бистренци | 339 | |
| | Драчевица | 0 | |
| | Дрен | 33 | |
| | Иберли | 0 | |
| | Клисура | 0 | |
| | Копришница | 0 | |
| | Корешница | 505 | |
| | Кошарка | 14 | |
| | Прждево | 120 | |
| | Стрмашево | 0 | |
| | Челевец | 43 | |
| | Чифлик | 76 | **Σ = 3777 жители** |

Прилог бр. 4

Список на лица кои се згрижуваат на подрачјето на општината

| Ред. број | Име и презиме на лицето кое се згрижува | Адреса на живеење | Објект во кој се згрижува - локација | Број на простории во кои се сместува –сопственик на објектот |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |


EGOTINO
VARDAR
Karata
Vojšanci
Timjanik
Cucka
331
К.О. Тимјаник
К.О. Војшанци
К.О. Дуброво
К.О. Липа
Visoki Rid
519
Volčjak
1189
К.О. Иберли
Višnik
1091
Pleslaq
st. Dubrovo
К.О. Бистренци
